***Број: 02 - 3313/2***
***21.03.2008 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XXXI -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 21.03.2008 во 10.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ (делумно присутен);*
- *Љатиф Аљиљи, заменик на директорот на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии;*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи (делумно присутен);*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за човечки ресурси (делумно присутна);*

- *Златко Алексов, директор за јавни набавки (делумно присутен);*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Претседателот на Управниот одбор Аљбон Џемаили ја отвори седницата. Утврди дека на седницата присуствуваат пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување. Потоа го предложи следниот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XXX седница на УО одржана на 28.02.2008 година.*

1. *Програма за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2008 година;*
2. *Предлог за изменување и дополнување на Годишниот план за Јавни набавки;*
3. *Предлог за утврдување на референтни цени на здравствени услуги - породување;*
4. *Информација за поднесени барања за склучување на договори за 2008 година за обезбедување на здравствени услуги во специјалистичко - консултативната здравствена заштита од дејноста радиодијагностика;*
5. *Предлог за централизација во требувањето и дистрибуцијата на инсулинската терапија во Клиниката за ендокринологија;*
6. *Одобрување на средства за проект ХОПЕ;*
7. *Предлог за утврдување на висината на паушалот за членовите на првостепената комисија за лекување во странство;*
8. *Приговори од работни односи од 30 седница;*
9. *Разно*

*Претседателот ги извести членовите на Управниот одбор дека кај него е пристигнато и барање од Клиничката аптека Скопје за одобрување средствата за изградба на производствена линија за парентерални раствори во 2007 да се искористат во 2008 година. Предложи Управниот одбор да го разгледа и ова барање.*

*Потоа праша дали има и други предлози за дополнување на дневниот ред.*

*Директорот Тренкоски предложи да се извршат неколку дополнувања, односно на Управниот одбор да му бидат презентирани неколку информации, и тоа: За спогодбите за долговите на јавните здравствени установи, За избор на аптеки кои ќе работат 24 часа, За статусот на Воената болница во Скопје, За приватните болници и За реевалуација на вработените во некои подрачни служби со предлог на Правилник за систематизација на работните места. Покрај тоа, побара да се разгледаат и понудите за откуп на побарувањето на Фондот утврдено во стечајната постапка над фирмата Рудкоп.*

*Членовите на Управниот одбор се согласија со предлозите за дополнување, по што го усвоија следниот*

***Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XXX седница на УО одржана на 28.02.2008 година.*

1. *Програма за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2008 година;*
2. *Предлог за изменување и дополнување на Годишниот план за Јавни набавки;*
3. *Предлог за утврдување на референтни цени на здравствени услуги - породување;*
4. *Информација за поднесени барања за склучување на договори за 2008 година за обезбедување на здравствени услуги во специјалистичко - консултативната здравствена заштита од дејноста радиодијагностика;*
5. *Предлог за централизација во требувањето и дистрибуцијата на инсулинската терапија во Клиниката за ендокринологија;*
6. *Одобрување на средства за проект ХОПЕ;*
7. *Предлог за утврдување на висината на паушалот за членовите на првостепената комисија за лекување во странство;*
8. *Приговори од работни односи од 30 седница;*
9. *Разно*
    - *9.1 Информација за спогодбите за долговите на јавните здравствени установи;*
    - *9.2 Информација за избор на аптеки кои ќе работат 24 часа;*
    - *9.3 Информација за статусот на Воената болница Скопје;*
    - *9.4 Барање од Клиниката за дерматологија за зголемување на буџетскиот плафон;*
    - *9.5 Понуди за откуп на побарувањето на Фондот утврдено во стечајната постапка над фирмата Рудкоп;*
    - *9.6 Барање од Клиничка аптека;*
    - *9.7 Преговори со приватните болници*
    - *9.8 Реевалуација на вработените во Подрачните служби*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од XXX седница на Управниот одбор одржана на 28.02.2008 година.*

*Љубиша Каранфиловски побара записникот под точката 9.2  да се дополни во делот на гласањето по предлогот, и тоа со објаснувањето кое го дал на седницата, дека е воздржан од причина што смета дека не треба да се прекинува континуитетот на договорите за 2007 и 2008 година.*

*Аљбон Џемаили укажа и дека по точката 5 на дневниот ред Управниот одбор не одлучи да не се даде поддршка на предлогот за утврдување на висината на паушалот за членовите на првостепената комисија за лекување во странство како што е пренесено во записникот, туку одлучи предлогот да се разгледува на следната седница откако ќе се провери статусот на оваа комисија, односно дали за висината на надоместокот постојат ограничувања утврдени во некој пропис. И останатите членови на Управниот одбор побараа записникот да се коригира во таа смисла.*

*Потоа, со извршените корекции Управниот одбор едногласно го усвои записникот од XXX седница одржана на 28.02.2008 година.*

***ТОЧКА 1-*** *Програма за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2008 година*

*Објаснување по оваа точка даде Ромела Поповиќ Трајкова која кажа дека буџетот на Фондот за 2008 година за инвестиции во Фондот и подрачните служби предвидува 43 милиони денари. Стручната служба на Фондот ги прибира барањата од подрачните служби и ги зема предвид при изготвувањето на програмата. Износот презентиран на Управниот одбор е проекција за средствата потребни за предвидените инвестиции, а точната висина ќе биде позната откако ќе се спроведат пропишаните постапки за јавни набавки за секоја одделна инвестиција. Во овогодишните инвестиции акцентот е на шалтерите односно на подобрувањето на условите за работа со странки во подрачните служби. Исто така, во програмата се вклучени и нереализирани работи според програмата за 2007 година.*

*Трајче Леов праша дали Фондот врши контрола на квалитетот и квантитетот на реализацијата на инвестициите од страна на подрачните служби.*

*Ромела Поповиќ Трајкова одговори дека набавките се вршат централно преку Фондот и фактурите за изведените работи не се плаќаат додека не се провери реализацијата на самото место.*

*Љубиша Каранфиловски укажа на соодносот помеѓу висината на средствата за инвестициони вложувања во здравствените установи која е 28 милиони и средствата за инвестирање во Фондот и подрачните служби кои се 43 милиони. Смета дека во интерес на подобрување на условите за здравствени услуги на осигурениците овој сооднос би можел да се промени.*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека средствата за здравствените установи се многу поголеми односно 400 милиони денари а 28-те милиони се само средствата за капитални инвестиции.*

*Аљбон Џемаили праша дали одделна подрачна служба во текот на годината може да побара корекција на предвидената сума за инвестиции.*

*Ромела Поповиќ Трајкова одоговори дека на подрачните служби дополнително може да им се одобрат средства ако имаат некоја неопходна потреба но само ако тоа не излегува од рамките на вкупните средства предвидени во програмата.*

*Потоа, претседателот ја стави Предлог - Програмата на гласање по што Управниот одбор едногласно ја усвои и донесе*

***Програма***
***за инвестиции за Фондот и подрачните служби за 2008 година***

***ТОЧКА 2-** Предлог за изменување и дополнување на Годишниот план за Јавни набавки*

*По оваа точка објаснување даде Златко Алексов. Тој наведе дека се предложени четири мали измени во Планот по што поединечно ги објасни. Првата измена е потребна заради изработување на ВЕБ страница која ќе биде во согласнот со визуелниот идентитет на Фондот. Тоа ќе се изврши преку мала набавка. Потоа, кај Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги треба да се изврши измена на видот на постапката за позицијата Интелектуални услуги - мерење на резултатите и постигнувањата од работењето на ФЗОМ според Листата на балансирани мерила за јавниот сектор од отворена постапка во ограничена постапка. Исто така треба де се изврши измена на видот на постапката за позицијата број 12, Интелектуални и финансиски услуги за пишани политики, процедури и обуки, од отворена постапка член 66 во ограничена постапка. И на крајот, во Класата III, Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи да се дополни со нова позиција со назив „Реконструкција и санација на објекти на Фондот и подрачните служби“, со почеток во месец март, проценета вредност на договорот изнесува 3.600.000,00 денари без ДДВ и вид на постапка „Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас“.*

*Трајче Леов, во врска со последната предложена измена праша колкаво ќе биде отстапувањето од претходно предвиденото за завршување на реконструкцијата во подрачните служби.*

*Златко Алексов одговори дека во моментов не може точно да се каже. Тоа од причина што изведувачот ја завршил работата за 16 милиони денари а било договорено за 19 милиони. Сепак, некои позиции не се завршени поради несогласување со надзорниот орган. Поради тоа со изведувачот допрва треба да се преговара за конечната сума.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за измена и дополнување на планот за јавни набавки во 2008 година на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 3-*** *Предлог за утврдување на референтни цени на здравствени услуги - породување*

*Објаснување по оваа точка даде Ромела Поповиќ Трајкова. Таа наведе дека Фондот формира комисија која ја разработи методологијата за утврдување на цените и согласно на тоа ги предложи цените кои се наоѓаат пред Управниот одбор. Предложени се цени на пет основни услуги кои мора да бидат утврдени за да може да се склучуваат договори со приватните болници. Како појдовна основа се земени фактурите доставени до подрачните служби за овие услуги како и цените на Клиниката за гинекологија и акушерство. Направена е и споредба со австралискиот и хрватскиот модел и на крајот се дојде до предложените цени со кои сакаме да ја започнеме соработката со приватните болници.*

*Љубиша Каранфиловски наведе дека извршил консултации во Клиничката болница Битола каде навеле дека имаат поголеми трошоци од понудената цена и дека во таа цена не е вкалкулиран трудот на лекарот. Сепак, ги поддржа цените предложени од менаџментот односно од комисијата бидејќи се уверил дека тие се добиени со опсежни проучувања и споредби.*

*Ромела Поповиќ Трајкова дополни дека ова е само почеток и дека сеуште сме далеку од целосно плаќање по ДРГ.*

*Борис Јосифовски праша дали ја имаме структурата на цената во Хрватска и во Австралија, односно кој елемент со колкав процент учествува во цената. Наведе и дека ако во цената не е вграден елемент за развој, амортизација и вишок на трудот не ќе може да се развива дејноста. Ако е тоа се прави со референтните цени за сите области, ќе доведе до стагнација на здравството. Ако преминеме на плаќање по услуга треба во тоа плаќање да влезе и развојот.*

*Ромела Поповиќ Трајкова одговори дека ни е позната структурата на цената само во хрватскиот модел. Во врска со инвестициите за развој на здравството, наведе дека Фондот посебно издвојува средства за таа намена а тоа го прави и државата. Ако се плаќа за услуги, ќе треба да се променат буџетските ставки, односно плафоните на здравствените установи да се прелеат во плаќање на услуги.*

*Љубиша Каранфиловски се согласи со ова објаснување и наведе дека укажувањето на Борис Јосифовски ќе биде сосема на место кога плаќањето на здравствените услуги ќе биде целосно по ДРГ.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на референтни цени за здравствени услуги од областа на гинеколошко - акушерската дејност***

***ТОЧКА 4-*** *Информација за поднесени барања за склучување на договори за 2008 година за обезбедување на здравствени услуги во специјалистичко - консултативната здравствена заштита од дејноста радиодијагностика*

*Бидејќи за оваа точка не беше доставен материјал, Управниот одбор реши да се симне од дневниот ред.*

***ТОЧКА 5-*** *Предлог за централизација во требувањето и дистрибуцијата на инсулинската терапија во Клиниката за ендокринологија*

*Ромела Поповиќ Трајкова образложи дека главна цел на овој предлог е да се воспостави добра евиденција на осигурениците кои се на инсулинска терапија. Централизацијата е добра зашто оној кој ја препишува терапијата ќе има и финансиска контрола над терапијата. Досега една установа препишуваше терапија а друга го понесуваше финансискиот товар. На овој начин сметаме дека ќе се избегне нерационалното препишување . Предлагаме со примената да се започне од Скопје а потоа постепено и низ целата земја.*

*Љубиша Каранфиловски праша дали при утврдувањето на буџетите на здравствените установи од кои сега треба да се пренесат средства на Клиниката за ендокринологија, се предвидени точно толкави средства за инсулинска терапија колку што сега се префрлаат на Клиниката. На ова од Ромела Поповиќ Трајкова доби позитивен одговор.*

*По ова, Управниот одбор едногласно го прифати предлогот за централизација во требувањето и дистрибуцијата на инсулинската терапија во Клиниката за ендокринологија и во врска со тоа донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година***

*со која од Здравствениот дом Скопје, Здравствениот дом Железничар, Здравствената станица Кирил и Методиј и Здравствената станица Железара се пренесени средства за инсулинска терапија на Клиниката за ендокринологија.*

***ТОЧКА 6-*** *Одобрување на средства за проект ХОПЕ*

*Во врска со оваа точка, Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека се работи за проект за донирање на лекови и медицински материјали поддржан од Владата па затоа и од Министерството за здравство е упатено барање Фондот да учествува во финансирањето на превозот. Минатата година Управниот одбор одобри средства за еден транспорт во висина од 15.000 американски долари но побарано е да се плати за уште два транспорти во истата година. Покрај тоа треба да се финансираат и три транспорти во 2008 година во вкупна висина од 45.000 долари.*

*Директорот Тренкоски предложи да се побара до Фондот да се доставуваат и фактурите за секој одделен транспорт од кои ќе се види висината на направените трошоци.*

*Управниот одбор едногласно го поддржа предлогот, по што донесе*

***Одлука***
***за одобрување средства***

*со која одобри средства за два транспорти во 2007 година и три транспорти во 2008 година, и*

***Заклучок:*** *За секој транспорт, Фондот да прибави фактура за трошоците на транспортот.*

***ТОЧКА 7-*** *Предлог за утврдување на висината на паушалот за членовите на првостепената комисија за лекување во странство*

*Директорот Тренкоски објасни дека согласно одлуката од минатата седница, се изврши проверка на статусот на оваа комисија, односно дали за висината на надоместокот постојат ограничувања утврдени во некој пропис. Утврдено е дека такви ограничувања не постојат. Потоа нагласи дека комисијата е составена од еминентни лекари и дека со својата работа остварува значителни заштеди за Фондот. Оттаму, предложи Управниот одбор да го поддржи зголемувањето на надоместокот за работа во комисијата на 12.000 денари за претседателот на комисијата, 11.000 денари за заменикот и 10.000 денари за останатите членови на комисијата.*

*Членовите на Управниот одбор го прифатија објаснувањето и едногласно дадоа поддршка за зголемување на надоместокот на комисијата согласно предлогот на директорот.*

***ТОЧКА 8-*** *Приговори од работни односи од 30 седница*

*Бидејќи за оваа точка не беше доставено мислење од стручната служба, Управниот одбор реши да се симне од дневниот ред и да се стави повторно кога мислење ќе биде изготвено.*

***ТОЧКА 9-*** *Разно*

*9.1 Информација за спогодбите за долговите на јавните здравствени установи;*

*Ромела Поповиќ Трајкова на членовите на Управниот одбор им подели табели со приказ на долговите на јавните здравствени установи како и на побарувањата на доверителите кои ја прифатиле понудата по огласот на Фондот за одобрување дисконт на долговите. Потоа ги информира дека Фондот побарал најдоцна до денешниот ден сите болници со доверителите записнички да се усогласат за висината на долгот и плаќањето да го договорат на шест рати, без судски трошоци и со 10% намалување.*

*9.2 Информација за избор на аптеки кои ќе работат 24 часа;*

*Директорот Тренкоски ги извести членовите на Управниот одбор дека Фондот објавил оглас за дежурни аптеки кои ќе работат 24 часа на ден. На овој оглас се јавија одреден број на заинтересирани. Побара Управниот одбор да го задолжи*

*менаџментот во наредната седмица да се изврши избор низ процес на преговарање за условите што заинтересираните аптеки ги бараат.*

*Лазар Трајчев дополни дека аптеките што дале понуда немаат тим за дежурство туку најавуваат дека ќе вработат ако бидат избрани.*

*Аљбон Џемаили праша каква ќе биде стимулацијата за дежурство а Лазар Трајчев одговори дека стимулација ќе биде дополнителната квота.*

*Потоа Аљбон Џемаили праша дали тоа ќе биде доволно за покривање на сите потреби за организација на дежурство.*

*Лазар Трајчев одговори дека Фондот смета дека со самиот факт што ќе работат 24 часа ќе остварат дополнителен приход со продажба и на други артикли кои се нудат во аптеките, иако можеби самата дополнителна квота нема да биде доволна за покривање на сите трошоци. Додаде и дека во самите преговори со аптеките ќе се види какви барања имаат.*

*По ова, членовите на Управниот одбор се согласија Фондот да ги продолжи преговорите со заинтересираните аптеки притоа имајќи го во вид и наводот дека на огласот не се јавиле голем број заинтересирани и да се води сметка местоположбата на избраните аптеки да биде поволна за осигурениците.*

*9.3 Информација за статусот на Воената болница Скопје;*

*Ромела Поповиќ Трајкова ги извести членовите на Управниот одбор дека Воената болница од Скопје добила дозвола за вршење на дејност од Министерството за здравство. Соодветно на тоа, Фондот со оваа установа ќе склучи договор за давање и плаќање на здравствени услуги со важење од 01.04.2008 година.*

*Борис Јосифовски праша што ќе биде со фактурите за првите три месеци од годината кога немаше договор а Ромела Поповиќ Трајкова одговори дека тие фактури ќе ги плати Министерството за одбрана.*

*9.4 Барање од Клиниката за дерматологија за зголемување на буџетскиот плафон;*

*Управниот одбор го разгледа барањето на Клиниката за дерматологија за зголемување на буџетскиот плафон и во врска со тоа даденото мислење на стручната служба на Фондот.*

*По кусата расправа, Управниот одбор го уважи мислењето на стручната служба според кое утврдениот буџетски плафон на јавната здравствена установа е во согласност со соодветниот правилник и критериумите за утврдување на буџетот на здравствената установа и одлучи барањето на Клиниката за дерматологија да го одбие.*

*9.5 Понуди за откуп на побарувањето на Фондот утврдено во стечајната постапка над фирмата Рудкоп*

*Лазар Трајчев објасни дека до Фондот се пристигнати две барања за откуп на побарувањето кое на Фондот му е утврдено во стечајната постапка над фирмата Рудкоп. Додаде дека со откуп на побарувањето, понудувачот ќе стапи на местото на Фондот како доверител во стечајната постапка а интерес на Фондот е да ги добие средствата кои се однесуваат на неплатен придонес за здравствено осигурување.*

*Потоа барањата се презентирани на Управниот одбор. Едното е од „ЕЛТА 96“ од Кавадарци која нуди 4.295.320 денари а другото од Продукција Перспектива ДООЕЛ од Скопје која нуди 4.500.000 денари.*

*По ова, Управниот одбор едногласно одлучи да се продаде побарувањето на Фондот и тоа на понудувачот кој понудил повисок износ доколку се согласи цената да ја плати одеднаш.*

*9.6 Барање од Клиничка аптека*

*Аљбон Џемаили ги запозна членовите на Управниот одбор дека до него е пристигнато барање од Клиничката аптека Скопје во кое се бара средствата за изградба на производствена линија за парентерални раствори од 2007 да се искористат во 2008 година. Потсети дека се работи за 16 милиони денари кои Управниот одбор ги одобри во 2007 година но во таа година не биле реализирани. Клиничката аптека бара овие средства да се пренесат во 2008 година.*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека средства за ваква намена може да се одобрат со Програмата за инвестициони вложувања во здравствените установи која за 2008 година е веќе усвоена а дополнителни средства Фондот нема.*

*Аљбон Џемаили додаде дека доколку таква инвестиција не се реализира постои можност стручни лица фармацевти да ја напуштат Клиничката аптека.*

*Ромела Поповиќ Трајкова се согласи дека инвестицијата во производството на парентерални раствори е мошне важна и токму затоа средства за таа намена еднаш веќе биле одобрени. Предложи Клиничката аптека да се обрати до менаџментот на Фондот за да се разгледаат сите можности за реализирање на ваква инвестиција.*

*По ова, Управниот одбор се согласи на Клиничката аптека да и се укаже да постапи на тој начин.*

*9.7 Преговори со приватните болници*

*Директорот Тренкоски објасни дека од приватните болници кои даваат услуги од областа на гинекологијата и акушерството бараат да им се овозможи со*

*пациентите да преговараат за доплата над референтните цени кои Фондот ќе ги утврди за тие услуги.*

*Борис Јосифовски рече дека е нормално ако стандардот на услугите во некоја установа е повисок и цената да биде повисока. Осигуреникот кој е подготвен да плати повисока цена ќе се обрати во таква здравствена установа.*

*Директорот Тренкоски во врска со ова рече дека токму во врска со висината на доплатата треба да се преговара со болниците кои ќе даваат надстандардни услуги. Побара и членови на Управниот одбор да се вклучат во преговарачкиот тим и нагласи дека интересот на осигурениците за Фондот е секогаш на прво место па и во овие преговори на тоа ќе се инсистира.*

*9.8 Реевалуација на вработените во Подрачните служби*

*Директорот Тренкоски го извести Управниот одбор дека се укажува потреба да се изврши реевалуација на вработените во некои подрачни служби и предложи да се донесе измена на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Истакна дека во Подрачната служба Прилеп се особено нарушени меѓучовечките односи и дека не се почитува хиерархијата на вработените.*

*Слаѓана Пешевска дополни дека состојбата е толку лоша што менаџментот ја разгледува можноста сите вработени во подрачната служба да се отпуштат и повторно да се распише оглас за пополнување на сите работни места. Ова е секако екстремен чекор со кој треба да биде запознаен Управниот одбор.*

*Љубиша Каранфиловски наведе дека Управниот одбор нема ингеренции во кадровските работи освен за систематизацијата на работните места. Поради тоа смета дека менаџментот треба да ги превземе оние мерки кои се соодветни за решавање на констатираната состојба.*

*Страшо Наумоски истакна дека порано Подрачната служба Прилеп важела за една од најдобрите во Македонија. Препорача да се анализираат причините за нарушените односи и да се превземат соодветни мерки. Праша и како ќе се организира работата на подрачната служба ако се отпуштат сите вработени.*

*Слаѓана Пешевска одговори дека работењето ќе се организира со вработени од соседните подрачни служби, претежно од битолската. Предложи Управниот одбор да ја усвои предложената измена на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со кој се извршија следните измени:*

*Во Фондот за здравствено осигурување на Македонија - Скопје, во точка 7, степенот на образование: “IV или VI“ се брише и се заменува со: “VII“ степен стручна спрема.*

*Во Подрачната служба - Скопје, по точката 1-А се додава нова точка 1-Б која гласи:*
*“1-Б. Стручен соработник за инвестиции, VII степен стручна спрема, дипломиран архитект, 1 извршител.“*

*Во Подрачната служба - Охрид, во точка 16 бројот на извршители: “2“ се заменува со бројот: “3“.*

*Во Подрачната служба - Ресен, во точката 5-А бројот на извршители: “1“ се заемнува со бројот: “2“.*

*По точката 3 се додава нова точка: “3-А“ која гласи:*
*“3-А. Референт за пријави и одјави, IV стручна спрема, 1 извршител“.*
*Во точката 3 се бришат зборовите: “пријави и одјави“.*

*Во Подрачната служба - Крушево, по точката 1 се додава нова точка: “1-А“ која гласи:*

*“1-А. Стручен соработник за спроведување на права од здравствено осигурување, VII степен стручна спрема, правен факултет, 1 извршител“.*

*Со тоа дневниот ред на седницата беше исцрпен и Управниот одбор во 12.30 часот заврши со работата.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Аљбон Џемаили***